**3436.**

Врз основа на член 29 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/17), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17 и 83/18), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13, 164/13, 151/14, 193/15, 213/15 и 39/16), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16 и 172/16) и член 66 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.10.2018 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2018 ГОДИНА**

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/18, 62/18, 100/18, 127/18, 139/18, 150/18, 160/18 и 172/18), во делот II во табелата по подмерката 1.10. се додава нова подмерка 1.10-а. која гласи:

„
| | |
|---|---|
| 1.10-а. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.9. за предадено јаболко на регистриран откупувач |

“

II

Во делот XV во табелата во мерка 1 по подмерката 1.9. се додава нова подмерка 1.10-а. која гласи:

„
| | | | |
|---|---|---|---|
| | 1.10-а. | | Мај 2019 |

“

III

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-9274/1
9 октомври 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**3437.**

Врз основа на член 38 став (2) од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ПРИХОДИТЕ**

Член 1

Буџетските корисници на Буџетот на Република Македонија и буџетите на општините, ги расчленуваат синтетичките (трицифрени) конта од класата 7 - приходи, пропишани со Правилникот за сметковниот план за буџетите и буџетските корисници и со Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници, на аналитички конта согласно Класификацијата на приходите на синтетичките конта од класата 7 - приходи, која е дадена во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за класификација на приходите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 76/09, 153/09, 43/10, 185/11 и 186/14).

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 09-11985/1
4 октомври 2018 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Драган Тевдовски**, с.р.